РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2015 година

# СОДРЖИНА

Резиме ..... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5

Инфлација ..... 5

Берзански цени ..... 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ..... 8

Увоз ..... 9

Салдо на трговска размена ..... 9

Валутна структура ..... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ..... 11

Буџетски расходи ..... 12

Буџетско салдо ..... 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ..... 15

Плати ..... 16

Пензии ..... 16

5. Монетарен сектор

Примарни пари ..... 16

Депозитен потенцијал ..... 16

Кредити на банките ..... 17

Каматни стапки на депозитни банки ..... 17

Пазар на капитал ..... 17

Девизни резерви ..... 18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2015 година

- Индустриското производство во февруари 2015 година во споредба со февруари 2014 година забележа раст од 3,1%;

- Годишната стапка на инфлација во февруари 2015 година остана во негативната зона, но темпото на намалување на потрошувачките цени бележи одредено забавување, односно таа изнесува -1,0%;

- Извозот во периодот јануари - февруари 2015 година забележа раст од 14,4%, додека увозот се намали за 2,7%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 34,5% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - февруари 2015 година изнесуваа 22.616 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 7,4% во однос на истиот период од 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 27.199 милиони денари, што е за 5,0% помалку во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити забележаа раст од 9,2% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките регистрираше раст од 9,5%.

## Индустриско производство

Во февруари 2015 година, индустриското производство забележа раст од 3,1% на годишна основа, што најмногу се должи на растот во Преработувачката индустрија од 4,7% и придонес во вкупниот раст на индустриското производство од 3,9 процентни поени. Значителен раст на производството од 22,2% е забележан во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација. Производството во секторот Рударство и вадење камен забележа пад од 13,4% како резултат на падот во гранката Вадење јаглен и лигнит од 33,4%.







* Раст од над 100% е забележан во категориите: Производство на моторни возила, додека пад од 100% е забележан во категоријата Производство на кокс и рафинирани нафтени производи.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во февруари 2015 година има Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (4,7 п.п.) со раст од 159,6%, а најголем негативен придонес има Производство на други неметални минерални производи (1,8 п.п.) со пад од 27,0%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во февруари 2015 година во однос на февруари 2014 година покажуваат зголемување на

производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 27,4%, Капитални производи од 26,8%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 11,6% и Енергија од 5,9%. Пад е забележан единствено во групата Интермедијарни производи, освен енергија од 12,3%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во февруари 2015 година забележа раст од 2,5%. Растот се должи на зголемувањето на бројот на работници во секторот Преработувачка индустрија од 3,4%. Намалување на бројот на работници е забележан во останатите два сектора: Рударство и вадење камен од 4,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 22,5%, Интермедијарни производи, освен енергија за 5,2% и Трајни производи за широка потрошувачка за 3,2%, додека пад е регистриран кај групите Енергија од 6% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,7%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во февруари 2015 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на истиот период од претходната година.

Просечното искористување на капацитетите во февруари 2015 година изнесува 62,2%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 61,9%. Во споредба со јануари 2014 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 3,3 п.п.

Во февруари 2015 година, согласно оценката на раководителите на деловните субјекти, како фактори со најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството се посочени следниве: недоволната домашна побарувачка со 25,0%, недостигот на квалификувана работна сила со 24,9%, недоволната странска побарувачка со 24,7%, финансиските проблеми со 5,7% и неизвесното економско окружување со 4,3%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во февруари 2015 година во однос на јануари 2015 година е поповолна, исто како и состојбата со залихите на готови производи и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите




Во февруари 2015 година издадени се 226 одобренија за градба, што претставува зголемување од 6,6% во однос на истиот месец од претходната година. Вкупниот број издадени одобренија за градење е намален за 4,2% во однос на јануари 2015 година, кога беа издадени 236 одобренија. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари е намалена за 49,2% во однос на истиот период од претходната година. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи зголемување за 13,3%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 149 (или 65,9%) се наменети за објекти од високоградба, 36 (или 15,9%) за објекти од нискоградба и 41 (или 18,2%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 226 издадени одобренија за градба, за 143 (или 63,3%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 83 објекти (или 36,7%) инвеститори се деловни субјекти. Во февруари 2015 година предвидена е изградба на 353 стана, со вкупна корисна површина од 28.626 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 20,7% во однос на истиот месец од 2014 година и за 7,8% во однос на јануари 2015 година.

## Инфлација

Годишната стапка на инфлација во февруари 2015 година остана во негативната зона, но темпото на намалување на потрошувачките цени бележи одредено забавување, односно таа изнесува -1,0%.

Стапката на инфлација во периодот јануари - февруари 2015 година изнесува -1,2%.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, забележа годишен пад од 0,3%, при што намалувањето на цените е највисоко во поткатегоријата Масло и масноти од 5,0%. Најголем пад на цените е забележан во категориите Транспорт од 12,4% и Комуникации од 3,6%. Највисок годишен раст на цените во февруари е регистриран во категоријата Алкохолни пијалаци и тутун од 5,5%, следен од порастот на цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,6% и Ресторани и хотели од 0,6%.




Потрошувачките цени во февруари 2015 година останаа непроменети во однос на претходниот месец, по месечниот пад на цените во јануари од 0,8%. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 0,2%, што главно се должи на растот на цените во поткатегориите Зеленчук и Овошје. Во останатите категории најголем пад на потрошувачките цени на месечно ниво е регистриран во категориите Облека и обувки од 1,7% и Транспорт од 1,4%. Највисок пораст на цените е регистриран во категоријата Здравје од 2,1%.

Цените на мало во февруари 2015 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 2,8%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се повисоки за 0,1%.

## Берзански цени

Во февруари 2015 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа раст од 20,5% во однос на претходниот месец и достигна цена од 57,9 долари за барел. Цената на природниот гас во февруари се намали за 7,9% на месечна основа.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во февруари 2015 година се тргуваше со просечна цена од 14.574 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од 1,9%. Споредено со февруари 2014 година цената на никелот е повисока за 2,6%.




Освен кај цената на алуминиумот која бележи пораст од 0,2%, месечно намалување на цената во февруари се забележува и кај останатите основни метали. Така, цената на калајот се намали за 6,3%, на оловото за 2,6%, на бакарот за 1,7% и на цинкот за 0,7%. Цената на железната руда во февруари забележа месечен пад од 7,4%. И благородните метали забележаа месечно намалување на цената, па така во февруари цената на платината забележа пад од 3,6%, на среброто од 2,6% и на златото од 1,9%. Анализирано на месечна основа, во февруари 2015 година цената на пченката на светските берзи се намали за 0,6%, а на пченицата за 4,6%. Цената на јагнешкото месо во февруари забележа месечен раст од 0,4 %.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно-трговска размена во првите два месеца од 2015 година изнесува 1363,5 милиони евра, што претставува раст од 4,0% во однос на истиот период од минатата година.




Во периодот јануари - февруари 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,4%, што претставува намалување од 0,2 п.п. во однос на истиот период од претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - февруари 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 590,6 милиони евра и бележи раст од 14,4% (74,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 18,4%.

Во февруари 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 298,8 милиони евра и бележи раст од 6,4% (18,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 21,4%.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2015 година извозот бележи раст од 2,4% (7,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 5,2%.







Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - февруари 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун, како и нафта

и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 56,8% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - февруари 2015 година споредено со истиот период од 2014 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати и Западен Балкан. Извозот во ЕУ 28 бележи пад на годишно ниво од 6,3%, а кај земјите од Западен Балкан пад од 22,9%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 78,8% и 9,8% соодветно.

## Увоз

Во периодот јануари - февруари 2015 година вредноста на увезените стоки изнесува 772,9 милиони евра и бележи пад од 2,7% (21,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на увозот пад од 1,8%.

Вредноста на увозот во февруари 2015 година изнесува 407,4 милиони евра, што претставува намалување за 2,6% (10,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2014 година, а увезените количини на стоки се намалени за 10,5%.




Анализирано на месечно ниво, во февруари 2015 година увозот бележи раст од 11,4% (41,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 6,1%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2014 | I - II - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 13,5 | 6,9 | -6,6 | -48,7 |
| Мил. ЕУР | 6,1 | 3,7 | -2,4 | -39,4 |
| Мил.$ | 8,4 | 4,3 | -4,1 | -48,9 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2014 | I - II - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 122,5 | 139,5 | 17,0 | 13,9 |
| Мил. ЕУР | 76,2 | 56,8 | -19,3 | -25,4 |
| Мил.$ | 103,8 | 65,0 | -38,8 | -37,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2014 | I - II - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,8 | 3,9 | 2,1 | 114,3 |
| Мил. ЕУР | 94,7 | 110,2 | 15,5 | 16,4 |
| Мил.$ | 129,4 | 125,6 | -3,8 | -2,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2014 | I - II - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,9 | 4,1 | 0,1 | 3,5 |
| Мил. ЕУР | 9,7 | 14,2 | 4,4 | 45,5 |
| Мил.$ | 13,3 | 16,2 | 2,9 | 21,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2014 | I - II - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 87,8 | 89,4 | 1,6 | 1,8 |
| Мил. ЕУР | 85,5 | 89,4 | 3,9 | 4,6 |
| Мил.$ | 116,6 | 101,7 | -14,9 | -12,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2014 | I - II - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 72,3 | 83,5 | 11,2 | 15,5 |
| Мил. ЕУР | 36,2 | 40,4 | 4,2 | 11,6 |
| Мил.$ | 49,3 | 46,1 | -3,3 | -6,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите два месеца од 2015 година трговскиот дефицит се стесни за 34,5% односно 96,2 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во февруари 2015 година трговскиот дефицит се стесни за 21,0% односно 28,8 милиони евра споредено со февруари минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, горива и мазива, индустриски набавки, транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со храна и пијалаци.

Во периодот јануари - февруари 2015 година, 81,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Србија, а потоа следуваат: Грција, Турција, Кина, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 83,1% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2015 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2014 година претставува зголемување од 9,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 86,6% и 80,4% соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,9 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 16,0 п.п во однос на периодот јануари – февруари 2014 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - II - 2014 | | | | | I - II - 2015 | | | | | | |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 419,6 | 510.564.105 | 61,6821 | 31.492.644.302 | 64,4 | 400,8 | 617.111.279 | 61,5068 | 37.956.557.651 | 80,4 | 106.547.174 | 20,9 |
| УСД | 392,7 | 216.356.540 | 45,2280 | 9.785.365.069 | 20,0 | 396,5 | 165.384.416 | 54,1831 | 8.961.036.231 | 19,0 | -50.972.123 | -23,6 |
| ГБП | 0,7 | 96.747.709 | 74,8104 | 7.237.738.268 | 14,8 | 1,0 | 2.950.100 | 82,9774 | 244.791.518 | 0,5 | -93.797.609 | -97,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 813,0 | | | 48.515.747.639 | 84,4 | 798,3 | | | 47.162.385.400 | 99,9 | | |
| вк извоз: | 814,3 | | | 48.928.537.182 | 100,0 | 799,5 | | | 47.226.179.055 | 100,0 | | -3,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

## ФИСКАЛЕН СЕКТОР

### Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - февруари 2015 година изнесуваа 22.616 милиони денари, односно 4,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 7,4% во однос на истиот период од 2014 година.

Даночните приходи за првите два месеца изнесуваат 12.568 милиони денари, односно 2,3% од БДП и во однос на истиот период од 2014 година се зголемени за 4,8%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 6.148 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 48,9%. Акцизите се остварени во износ од 2.939 милиони денари (учество од 23,4% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 9.087 милиони денари, односно 72,3% од вкупните даночни приходи (1,6% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 9.147 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 2.999 милиони денари (бруто наплатата е пониска за 4,4%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 9,4% споредено со истиот период од 2014 година).




Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз, кој забележува пад од 8,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 3,5%. Учеството на ДДВ донациите е незначително (0,2%) и забележува помало остварување за 80,1%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 1.898 милиони денари и забележуваат раст од 6,6% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 67,1% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 5,9% од приходи по основ на договор на дело и 8,7% од приходи од игри на среќа и наградни игри. Споредено од истиот период во 2014 година, приходите од данокот од добивка во износ од 858 милиони денари забележаа зголемување од 33,6%, што се должи главно на данокот наплатен по основ на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката, по месечни аконтации и на задржан данок платен на странски правни лица. Приходите од ДДВ забележаа намалување од 9,9%, додека акцизите забележаа зголемување од 56,4%. Приходите од царина беа остварени во

износ од 594 милиони денари и забележаа намалување од 9,2%. Приходите од други даноци со остварен износ од 131 милион денари забележаа пад од 36,4%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 2.102 милиони денари и во однос на истиот период од 2014 година забележаа раст од 17,8% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 132 милиони денари, што претставува намалување од 2,2% во однос на истиот период од претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 441 милион денари, односно за 86,1% повеќе во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 7.007 милиони денари, што е за 6,3% повеќе споредено со истиот период од 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско осигурување од 6,2%, кај придонесите за здравствено осигурување од 6,4% и кај придонесите за вработување од 6,8%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - февруари 2015 година изнесуваа 27.199 милиони денари, односно 4,9% од БДП, што е за 5,0% помалку во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 24.909 милиони денари се намалени за 4,7% во однос на истиот период од 2014 година и учествуваат со 4,5% во БДП.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 17.531 милиони денари (3,2% од БДП). Средствата за трансфери забележаа намалување од 8,3% споредено со истиот период од 2014 година и учествуваа со 64,5% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 3.978 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,6%, и во однос на 2014 година се зголемени за 5,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 2.465 милиони денари и споредено со истиот период од 2014 година се поголеми за 4,3%.

Социјалните трансфери кои изнесуваа 13.088 милиони денари, забележаа раст од 6,5% и учествуваа со 48,1% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување преставуваат најголем дел од социјалните трансфери со износ од 8.215 милиони денари, што е зголемување од 7,0%, споредено со истиот период од 2014 година и учество од 30,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,5%, односно забележаа намалување од 36,9%, споредено со истиот период од 2014 година. Блок дотациите

кон единиците за локална самоуправа во износ од 2.471 милиони денари беа реализирани за 3,3% повеќе во однос на истиот период од претходната година.

Каматните расходи изнесуваат 935 милиони денари, што е за 6,4% повеќе во споредба со истиот период од 2014 година. Ваквото остварување е претежно поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување во земјата и во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 15,0%, додека за странство за 2,9%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 2.290 милиони денари со структурно учество од 8,4% во вкупните расходи.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - февруари 2015 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 4.583 милиони денари, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 3.965 милиони денари.

# СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во февруари 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 27.766 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е помал за 4,7% во однос на февруари 2014 година. Од вкупниот број нововработени, 49,9% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи, 23,7% се од евиденцијата на невработени.







Вкупниот број невработени лица изнесува 223.598, од кои 123.815 се активни баратели на работа, а 99.783 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец

лани, вкупниот број невработени лица е поголем за 0,9%.

Најголем дел од невработените лица (69,5%) се градско население, а 60,3% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,7% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,9% се со завршено средно образование, додека 15,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 36,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,9% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јануари 2015 година оствари годишен раст од 2,3%, а во однос на претходниот месец е пониска за 2,6%. Најистакнат раст на просечната нето – плата се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (8,4%), Уметност, забава и рекреација (6,7%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (6,1%). Реалните плати во јануари забележаа годишен раст од 3,9%.




Просечната номинална бруто-плата во јануари 2015 година оствари годишен раст од 2,6%, а во однос на претходниот месец истата е пониска за 2,1%. Најистакнат раст на просечната бруто - плата се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (8,3%), Уметност, забава и рекреација (7,8%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (6,4%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 4,2%. Процентот на вработени кои не примиле плата во јануари 2015 година изнесува 1,3% и е за 0,2 п.п. понизок во однос на истиот месец од претходната година, а повисок за 0,1 п.п. во однос на декември 2014 година.




## Пензии

Во февруари 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 295.426 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот период од минатата година. На месечно ниво бројот на корисници

на пензија е поголем за 947 лица. Од вкупниот број пензионери, 59,6% се корисници на старосна пензија, 25,9% на семејна пензија и 14,5% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во февруари 2015 година изнесува 12.437 денари што на годишно ниво претставува зголемување од 0,1%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,0%. Просечната старосна пензија во февруари изнесува 13.852 денари и е за 0,2% пониска од истиот период лани. Просечната инвалидска пензија изнесува 11.187 денари, што значи дека остана непроменета во однос на минатата година, а просечната семејна пензија изнесува 9.852 денари и е пониска за 0,1% во однос на февруари минатата година. За исплата на пензиите во февруари 2015 година потрошени се 3.582,45 милиони денари, што претставува 54,2% од вкупните социјални трансфери.




# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во февруари 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни монетарни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена останува непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 1,0%.




## Примарни пари

Во февруари 2015 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 6,4% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките од 1,8% и раст на готовите пари во оптек од 12,0%.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

На месечно ниво, примарните пари забележаа пад од 2,2%, при пад на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 0,5% и 3,7%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Во текот на февруари, вкупните депозити на банките продолжија со раст, но со послаба динамика. На месечно ниво, вкупниот депозитен потенцијал забележа раст од 0,3%. Секторската анализа укажува дека, депозитите на приватните претпријатија забележаа пад од 1,9%, а депозитите на домаќинствата забележаа раст од 0,7% во однос на претходниот месец. Од аспект на валутата, депозитите во домашна валута забележаа раст од 0,1%, а депозитите во странска валута раст од 0,7%.




Вкупниот депозитен потенцијал во февруари 2015 година оствари раст од 9,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше доминантно воден од зголемувањето на депозитите во домашна валута од 12,5%, а истовремено депозитите во странска валута се зголемија за 5,4%. Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 7,6%, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 15,0%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 19,5%, додека краткорочните депозити се зголемија за 1,9%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 287142 | -0,3 | 8,4 |
| Денари | 168230 | -0,5 | 11,0 |
| Странска валута | 118912 | -0,1 | 5,0 |
| Краткорочен | 148262 | -0,8 | 1,1 |
| Долгорочен | 79408 | -0,8 | 17,2 |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | 258315 | 1,2 | 9,2 |
| Денари | 200928 | 1,2 | 10,5 |
| Странска валута | 57387 | 1,1 | 5,0 |

Извор: НБРМ

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база, кое изнесува 58,7%.

## Кредити на банките

Во февруари 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,4% на месечна основа (наспроти падот од 0,4% во јануари 2015 година). Секторската анализа укажува дека кредитите кон домаќинствата во февруари оствари умерен раст од 0,6%, додека кредитите кон претпријатијата

останаа непроменети. Од аспект на валутата, во февруари 2015 година денарските и девизните кредити се зголемија за 0,2% и 1,1% соодветно.

На годишна основа, во февруари 2015 година вкупните кредити се зголемија за 9,2%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 7,1% и на кредитите кон домаќинствата од 11,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,5% а кредитите во странска валута регистрираа раст од 4,6%. Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,8%, а краткорочните кредити се повисоки за 7,9%.



Каматни стапки на депозитни банки, февруари 2015 година; Извор:НБРМ

## Каматни стапки на депозитни банки

Во февруари 2015 година каматните стапки бележат надолни поместувања на месечна основа. Имено, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 7,0%[2] и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со минатиот месец. Каматните стапки на девизните и денарските кредите се намалени за 0,1 п.п. и изнесуваат 6,0% и 7,3%, соодветно. Вкупната каматна стапка на депозитите се намали од 2,5% во јануари на 2,4% во февруари. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 3,2% и бележи намалување од 0,1 п.п., додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 1,5%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во февруари 2015 година вкупниот промет на берзата регистрираше драстичен раст на месечно ниво односно се зголеми за 91,6%, што е резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување.



График 4.3 Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза

Вкупниот промет на берзата во февруари изнесуваше 246 милиони денари, што претставува раст од 35,8% на годишно ниво.

---

[2] Започнувајќи од јануари 2015 година, НБРМ ја промени методологијата на пресметување на каматните стапки. Овие промени во статистиката на каматните стапки произлегуваат од целосното приспособување кон европските стандарди.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во февруари 2015 година изнесуваше 1.842,39 индексни поени, што претставува пад од 1,7% на месечно ниво, додека во однос на февруари претходната година индексот е повисок за 4,2%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на февруари 2015 година изнесуваа 2.330,7 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 153,0 милиони евра, додека во однос на февруари минатата година се зголемени за 343,7 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за Макроекономска политика

„Даме Груев бр. 12", 1000 Скопје

www.finance.gov.mk